**20241773051**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 203/22 и 76/24) и член 27-а став 3 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21, 56/21 и 70/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 август 2024 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ПРИОРИТЕТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 - 2028 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 256/23), во член 1 ставот (1) се менува и гласи:

„За стратешки приоритети за 2024 - 2028 година се утврдуваат:

- обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото;

- економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого;

- унапредување на националната одбранбена политика и планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност;

- интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија;

- сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици;

- професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем;

- создавање на амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени и

- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности.”

Член 2

Членот 2 се менува и гласи:

„За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 1 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- креирање на системски политики за добро владеење и зголемување на транспарентноста и јакнење на интегритетот на носителите на функции и раководните лица;
- модернизација на безбедносниот сектор, јакнење на капацитетите за непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите;
- одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупција и реформи во насока на владеење на правото;
- унапредување на механизмите за одговорност и режимот на мерки и санкции за дела на корупција, несовесно работење и прекршувања на правилата за спречување судир на интереси;
- обезбедување услови и градење на институционалите капацитети за конфискација, поврат на имот и управување со конфискуваниот имот, со приоритизација на обештетувањето на жртвите, легитимните сопственици и општеството;
- ефикасно спроведување на Развојната секторска стратегија за правосудство 2024-2028 година;
- развој и модернизација на информатичките системи во правосудните органи со цел зголемување на нивната ефикасност и транспарентност;
- зајакнување на капацитетите во борба против трговијата со луѓе и илегална миграција;
- јакнење на сајбер безбедноста и отпорноста на институциите;
- ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики;
- одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите;
- унапредување на концептот на родова еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, превенција и заштита од сите форми на насилство спрема жените и девојчињата и вклучување на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите и
- развивање на систем на правда кој ефикасно ги штити човековите слободи и права и заеднички систем на вредности.

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 2 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:
- зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;
- одржување на солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси и зголемен мониторинг во користењето и располагањето на јавните средства;
- предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи и намалување на буџетскиот дефицит;
- подобрено управување со јавните финансии преку етапна фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;
- намалување на сивата економија и поттикнување на приватна иницијатива и инвестиции;
- унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на децентрализацијата, унапредување на фискалната децентрализација, фискалниот капацитет и финансиската дисциплина, транспарентноста и отчетноста на општините;
- подобрување на локалните јавни услуги, зајакнување на капацитетите на општините;
- намалување на разликите во развојот меѓу и во планските региони и зголемување на нивната конкурентна способност;
- зголемување на енергетска ефикасност на јавните објекти, домаќинствата, индустријата, гасификација на домаќинствата, стопанството и јавниот сектор;

- подобрување на квалитетот на системот на дистрибуција на електрична енергија и дополнително развивање на системи за топлификација;
- креирање на политики за одржливо искористување на минералните суровини;
- зајакнување на конкурентност и поддршка на преработувачката индустрија во интернационализација, иновации, зелена и дигитална трансформација;
- поддршка и развој на одржливи и конкурентни микро, мали и средни компании, унапредување на занаетчиството, целосно искористување на претприменичкиот дух и знаење на домашните човечки ресурси;
- препознавање на државата како атрактивна туристичка дестинација;
- подобра туристичка понуда која ќе придонесе кон зголемен број на домашни и странски туристи, раст на приходите од туризмот;
- модернизација и унапредување на здравствениот систем, ефикасноста, квалитетот, безбедност и достапност;
- подобрена здравствена инфраструктура, енергетска ефикасност и услови за обезбедување на здравствени услуги;
- унапредување на планирањето на човечките ресурси, согласно националните здравствени потреби, професионалениот развој;
- интегрирање и функционално реорганизирање на здравствените единици, зајакнување на управувањето и лидерството во здравствениот сектор;
- обезбедување на единствен внатрешен пазар, за подобар животен стандард на граѓаните, поголема заштита на потрошувачите и слободно движење на стоки и услуги;
- инвестирање во изградба на автопатишта, експресни, магистрални, регионални и локални патишта;
- градење на водоводни и канализациски системи во сите населени места низ земјата;
- подобрување на железничката инфраструктура, градење и реконструкција на железничките пруги и набавка на возови;
- подобрување на младинската инфраструктура, младинско организирање и учество во носење на одлуки и политики;
- обезбедување на одржлив пензиски систем и одржување на економската вредност на пензијата на сегашните и идните пензионери;
- продолжување на развојот на социјалните услуги на локално ниво, дигитализација на постапките за правата на парична помош од социјална заштита и социјални услуги и подобрување на меѓу институционалната соработка;
- развој на демографска политика со фокус на младите, поттикнување на повратни миграции, поддршка и заштита на семејствата и унапредување на системот од областа на заштита на децата, со цел ублажување на негативните демографски трендови;
- креирање на политики за развој на вештини кои ќе бидат компететивни на пазарот на трудот;
- поттикнување на енергетската ефикасност, обезбедување енергетска сигурност и стабилност преку раст на инвестициите во енергетскиот сектор, олеснување на процесот на изградба на фотоволтаици за домаќинствата и нивно субвенционирање и зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија;
- развој на спортот, како општо препознатлива вредност и афирмирмација на општеството и јакнење на националната свест и
- изградба на нови спортски капацитети.

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 3 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- унапредување на националните одбранбени капацитети и способности согласно стратегиските документи за исполнување на националните обврски од областа на одбраната и обврските кои произлегуваат од членството во НАТО;
- стабилизирање и надоградување на одбранбениот систем фокусиран кон човечкиот капитал;
- донесување и имплементација на Национална стратегија за безбедност и Стратегија за одбрана како највисоки плански документи;
- поддршка на меѓународните напори за чување на мирот и безбедностаи
- зајакнување на позицијата на Република Северна Македонија на меѓународен план, развој на билатералните, регионалните и мултилатералните односи со членките на НАТО, Европската Унија и ОБСЕ и другите земји од европскиот и вон-европскиот простор.

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 4 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), вклучително и од втората фаза на ССА;
- квалитетно управување со координативните структури, на планирањето, развивањето, спроведувањето и известување за Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА);
- квалитетна подготовка, планирањето, спроведувањето и известувањето за реформите поврзани со пристапните преговори, со фокус на Патоказот за владеење на правото, за реформа на јавната администрација и Патоказот за функционирање на демократски институции и Акцискиот план за заштита на правата на припадниците на малцинствата и заедниците;
- ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси;
- подобрување на законската институционална и оперативна рамка во превенција, откривање и борба против неправилностите и измамите при имплементација на фондовите од Европската Унија;
- соодветно претставување на Република Северна Македонија и на нејзините национални приоритети во европските и во вон-европските држави со посебен акцент на државите каде имаме резидентни дипломатски и конзуларни претставништва;
- зголемување на економската соработка со земјите каде што има потенцијал за зголемување на обемот на трговската размена, туризам и инвестиции;
- негување на отворен и конструктивен политички дијалог со Европската Унија на сите нивоа преку активно учество во воспоставените форми на меѓусебна размена и соработка со институциите на Европската Унија;
- натамошно унапредување на добрососедските односи и активно учество во регионалните иницијативи со цел постигнување поцврста и поефикасна регионална соработка и
- успешно претседавање со Групата на азиски партнери за соработка на ОБСЕ во 2024 година.

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 5 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- подобрување на квалитетот на образованието, развој на наставните планови и програми, наставните методи, учебниците, дигиталните содржини и ресурсите во насока на подобрување наставата и учењето и
- поддршка и стимулирање на научните истражувања, развој на иновации, инвестиции во научната инфраструктура и привлекувањето на талентирани научници.

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 6 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- стручна, професионална и департизирана администрација;
- дигитализирана јавна администрација;
- воспоставување на примарен податочен центар за органите на државната управа, јавните претпријатија, училиштата, општините, болниците и другите институции во државата;
- воспоставување на национален електронски идентитет за секој граѓанин и имплементација на дигитален паричник;
- подобрување на процесите во јавниот сектор преку дигитализација и автоматизација на работата со електронски документи, поврзување и комуникација на институции по електронски пат;
- почитување на принципот „само еднаш” преку целосна дигитализација на основните регистри во државата и воспоставување на протоколи за комуникација по електронски пат меѓу нив;
- воспоставување на стратешка, институционална и законска рамка за обезбедување на сајбер безбедно општество;
- обезбедување на гигабитно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции преку развој на безбедна владина ИКТ инфраструктура и развој на национална образовна и истражувачка ИКТ инфраструктура;
- развој на електронски услуги и подобрување на нивната достапност преку националниот портал за е-услуги за граѓаните и стопанствотои
- зајакнување на дигиталните вештини на граѓаните, просветните работници и административните службеници.

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 7 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- заштита на животната средина и одржливо користење на природните ресурси со воспоставен механизам за наплата на екосистемски услуги и
- подобрување на квалитетот на медиумите во животната средина и спроведувањето на политиките за просторно планирање.

За остварување на стратешкиот приоритет од член 1 став 1 алинеја 8 од оваа одлука, се утврдуваат следните цели:

- гарантирање на етничкиот, културниот и јазичниот идентитет на заедниците во Република Северна Македонија, унапредување, заштита и промоција на правата на сите етнички заедници;
- зајакнување на капацитетите на здруженијата и фондациите, финансирање на програмски активности и нивно вклучување во процесот на донесување на одлуки;
- спроведување на политики во културата базира на клучните вредности слобода на творештво, еднаквост и универзално добро;
- подигнување на свеста за важноста и потребата од почитување на разновидноста на културните изразувања на локално и на национално ниво и
- засилување на присуството на културата на Република Северна Македонија нејзината афирмација и препознатливост во регионот, во Европа и во светот.“

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-6894/11 | Претседател на Владата |
| 20 август 2024 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |